**Марија Гроздановска**[1]

# ПРАКТИКАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ОДНОС НА ПРИТВОРОТ И НЕЈЗИНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ВРЗ ПРАВНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1.02 Прегледна научна статија**
**УДК 343.126.1:341.645.5(44:497.7)**

**Апстракт**

Целта на овој труд е да ја анализира практиката на Европскиот суд за човекови права во однос на притворот, да ги идентификува нејзините клучни стандарди и да го утврди нивното влијание врз правниот систем на Република Северна Македонија. Преку компаративен и аналитички пристап ќе се утврди степенот на усогласеност на домашното законодавство и судската практика со европските стандарди, како и прашањата што се појавуваат во процесот на нивната ефективна имплементација. Преку анализа на законодавната рамка и домашната судска практика, трудот ги идентификува клучните предизвици во спроведувањето на европските стандарди и дава насоки за нивно подобрување. Иако Република Северна Македонија формално ги има вградено стандардите на членот 5 од Европската конвенција за човекови права, во практиката сè уште постојат значителни недостатоци во однос на примената на начелата на пропорционалност, индивидуализираност на судските одлуки и ефективна судска контрола на притворот.

**Клучни зборови:** *притвор, човекови права, Закон за кривичната постапка, Европски суд за човекови права, Европска конвенција за човекови права*.

## Вовед

Притворот е најтешка мерка на процесна присилба што треба да се определува само кога интересите на кривичната постапка не може да се заштитат со некоја друга поблага мерка. Притворот не е казна и не смее да се третира како казна, туку е мерка што служи исклучиво за обезбедување присуство на обвинетиот и за успешно водење на

[1] Доктор по правни науки од областа на казненото право, вонреден професор на Факултетот за правни науки при Меѓународниот Славјански Универзитет – Свети Николе, РСМ, marija.grozdanovska@msu.edu.mk.

кривичната постапка, т. е. мерка со чисто процесна цел. Сериозноста на притворот како мерка за обезбедување присуство произлегува од фактот што обвинетиот се лишува од слобода додека сè уште е под заштита на начелото за пресумпција на невиност, односно неговата вина не е утврдена, ниту, пак, е одмерена кривична санкција.

Правото на слобода и безбедност претставува едно од темелните човекови права гарантирани со членот 5 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП). Ова право има особено значење во рамките на кривичната постапка, каде што мерката притвор претставува најтешко ограничување на личната слобода. Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), преку својата практика, воспоставил строги стандарди во однос на законитоста, неопходноста и пропорционалноста на притворот, со цел да спречи негово произволно или прекумерно користење од страна на државите. Република Северна Македонија, како потписничка на ЕКЧП, има обврска да ги почитува овие стандарди и да ја усогласи својата законодавна рамка и судска практика со европските начела. Но, за жал, пресудите на ЕСЧП против државата укажуваат на низа системски слабости во примената на мерката притвор.

## 1. Притворот во македонското законодавство

Мерките за обезбедување присуство на лица го привлекуваат вниманието на правниците и на пошироката јавност поради нивното влијание врз човековите слободи и права. Пресумпцијата на невиност определува дека обвинетото лице се смета за невино сè додека неговата вина не биде докажана со правосилна пресуда, па затоа примената на мерките за обезбедување присуство е едно од најделикатните прашања во кривичната постапка. Од една страна, треба да се заштити обвинетото лице од неосновано лишување од неговите права, а, од друга страна, треба да се почитува општествениот интерес за заштита од криминалот, како и откривање и санкционирање на сторителите на кривичните дела.

Во Законот за кривичната постапка се содржани општи правила што го уредуваат применувањето на мерките за обезбедување присуство на обвинетиот во постапката, и тоа: постоење основано сомнение дека е извршено кривично дело, можност да се применат само таксативно набројените мерки во законот, секогаш кога е можно да се применува полесна мерка и мерките да се определуваат на најкраток можен рок.

Присуството на определени лица во постапката е неопходен услов за нејзиното спроведување. Тоа се обезбедува со воспоставување општа должност на граѓаните да се

јават на покана на судот, но понекогаш ова присуство на лица се обезбедува со примена на присилни мерки што во одредена мерка ја ограничуваат личната слобода на граѓаните. Примената на присилните мерки за обезбедување присуство треба да се сведе на минимум, односно кон нивна примена да се пристапува само кога тоа е неопходно и во степен што е потребен за да се обезбеди правилен тек на постапката.

Мерките за обезбедување присуство на обвинетиот предвидени во националниот Закон за кривичната постапка се: покана, мерки на претпазливост, приведување, лишување од слобода, задржување, гаранција, краткотраен притвор, притвор и куќен притвор.

Притвор може да се определи само под условите предвидени во Законот за кривичната постапка. Целта на притворот е да го обезбеди присуството на обвинетиот во кривичната постапка, да оневозможи попречување на докажувањето, но и да ги обезбеди граѓаните од нови кривични дела на обвинетиот. Траењето на притворот мора да биде сведено на најкратко нужно време. Должноста на сите органи што учествуваат во кривичната постапка и на органите што им укажуваат правна помош е да постапуваат со особена итност ако обвинетиот се наоѓа во притвор. При одлучување за притворот, особено за неговото времетраење, треба се води посебна грижа во однос на сразмерноста меѓу тежината на стореното кривично дело, казната што може да се очекува според податоците со кои располага судот и потребите за определување и времетраење на притворот. Во текот на целата постапка, притворот ќе се укине веднаш штом ќе престанат причините врз основа на кои бил определен.

Притворот е едно од најсериозните прашања при уредувањето една кривична постапка, мерка со која најдлабоко се навлегува во уставно загарантираните права и слободи на граѓаните и поради тоа е крената на уставен ранг.

Законот за кривичната постапка ги наведува основите при кои може да се изрече притвор. Ако постои основано сомневање дека определено лице сторило кривично дело, доколку притворот е неопходен за непречено водење на кривичната постапка, против тоа лице може да се определи притвор ако:

1) се крие, така што не може да се утврди неговиот идентитет или доколку постојат други околности што укажуваат на опасност од бегство;

2) постои основан страв дека ќе ги скрие, ќе ги фалсификува или ќе ги уништи трагите на кривичното дело или доколку особени околности укажуваат дека ќе ја попречува кривичната постапка со влијание врз сведоците, вештаците, соучесниците или прикривачите;

3) особени околности го оправдуваат стравот дека ќе го повтори кривичното дело или ќе го доврши обиденото кривично дело или, пак, дека ќе стори кривично дело со кое се заканува; или

4) уредно повиканиот обвинет очигледно избегнува да дојде на главната расправа или доколку судот направил два обида со цел уредно да го повика обвинетиот, а сите околности укажуваат дека обвинетиот очигледно одбегнува да ја прими поканата.[2]

Опасноста од бегство се утврдува врз основа на лични и социјални фактори што укажуваат на недоволна поврзаност на лицето со државата, како што се слабата материјална состојба, невработеноста, непостојаното живеалиште и чести престои во странство, што може да создадат реална можност за бегство од правосудните органи.

Опасност од прикривање, фалсификување или уништување докази постои кога обвинетиот преку своето однесување укажува на намера да влијае врз доказниот процес преку заплашување, уценување или договарање со сведоци, вештаци или соучесници, особено ако станува збор за службено лице што може да ја злоупотреби својата службена положба или кога постојат сведоштва за негови директни или посредни обиди за влијание.

Притвор поради ризик од повторување или довршување на делото се определува кога постои реална можност обвинетиот да изврши ново кривично дело од ист вид и природа, особено ако лицето ја изгубило претходната позиција или овластување и поминало значително време од сторувањето на првото дело до започнување на постапката. Новото дело не мора да биде идентично, туку од ист вид, со слични околности и карактер.

Ризикот од отсуство како основ за притвор постои кога обвинетиот избегнува присуство во постапката, со непојавување на уредно доставена покана и со избегнување да ја прими поканата. Нема место за определување притвор по овој основ ако не се исполнети двата кумулативни услови за тоа: обвинетиот да биде уредно повикан и очигледно да одбегнува да дојде на главната расправа.[3]

Различните основи за определување притвор влијаат врз должината на неговото времетраење. Притворот што е определен само поради тоа што не може да се утврди идентитетот на лицето трае додека не се утврди неговиот идентитет. Притворот што е определен затоа што постои основан страв дека обвинетиот ќе ги скрие, ќе ги

[2] Чл. 165 од Законот за кривичната постапка, „Сл. весник на РСМ“ бр. 150 од 18.11.2010 година, бр. 100/12, 142/16, 193/2016, 198/2018.
[3] Калајџиев, Г. и др. *Коментар на Законот за кривичната постапка*, ОБСЕ, Скопје, 2018, стр. 402.

фалсификува или ќе ги уништи трагите на кривичното дело или, пак, ако особени околности укажуваат дека ќе ја попречува кривичната постапка со влијание врз сведоците, вештаците, соучесниците или прикривачите, ќе се укине веднаш штом се обезбедат доказите поради кои е определен притворот. По овие основи, притвор нема да се определи ако обвинетиот дал изјава со која ја признал вината. Притворот што е определен затоа што уредно повиканиот обвинет очигледно избегнува да дојде на главната расправа или ако судот направил два обида уредно да го повика обвинетиот, а сите околности укажуваат дека обвинетиот очигледно одбегнува да ја прими поканата, трае до објавувањето на пресудата, а најдолго 30 дена.

Притвор во претходна постапка определува судот по писмен и образложен предлог на овластен тужител и само врз основите што ги навел овластениот тужител во предлогот.

Притворот се определува со писмено решение. Во образложението на решението за притвор задолжително се наведуваат: сите факти и докази од кои произлегува основаното сомневање дека обвинетиот го сторил кривичното дело, образложените причини што ја оправдуваат секоја одделна основа според која е определен притворот и причините поради кои судот смета дека целта на притворот не може да се оствари со некоја друга мерка за обезбедување присуство.[4]

Ако обвинетиот не определил бранител, заедно со решението, ќе му се определи бранител по службена должност. Во случај на спреченост на претседателот на судот, бранителот ќе го постави судијата на претходната постапка.

Притворот определен со решение на судијата на претходната постапка или притворот што првпат е определен за време на истражната постапка со решение на советот може да трае најдолго 30 дена од денот на лишувањето од слобода. Во времетраењето на притворот се засметува секое лишување од слобода. По образложен предлог на јавниот обвинител, притворот во текот на истражната постапка може да се продолжи најмногу за уште 60 дена. Ако истражната постапка се води за кривично дело за кое според законот може да се изрече казна затвор во времетраење од најмалку четири години, по образложен предлог на јавниот обвинител, советот на непосредно повисокиот суд може по истекот на рокот, притворот да го продолжи уште најмногу за 90 дена. Вкупното времетраење на притворот во истражната постапка, сметајќи го и времето на

[4] Чл. 167 од Законот за кривичната постапка, „Сл. весник на РСМ“ бр. 150 од 18.11.2010 година, бр. 100/12, 142/16, 193/2016, 198/2018.

траење на лишувањето од слобода пред донесувањето на решението за притвор, не може да биде подолго од 180 дена и со истекот на тој рок, притворениот веднаш ќе биде пуштен на слобода.[5] Пред подигнувањето на обвинителниот предлог во скратена постапка, притворот може да трае толку колку што е потребно за да се извршат истражните дејства, но не повеќе од осум дена. По правосилноста на обвинението, притворот може да трае најмногу до една година за кривични дела за кои може да се изрече казна затвор до 15 години и две години за кривични дела за кои може да се изрече казна доживотен затвор.[6]

## 2. Притворот во македонската судска практика

Во продолжение е дадена анализа на практичната примена на мерката притвор во периодот од 2015 до 2024 година на територијата на РСМ според извештаите за работа на ЈО на РСМ. Анализирани се бројот на лица за кои е побаран притвор, пријавените лица како сторители на кривични дела и процентот на лица за кои е побаран притвор во однос на вкупниот број пријавени лица на годишно ниво.

**Табела 1. Примена на мерката притвор во периодот од 2015 до 2024 година.**

| Година | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Притвор | 370 | 322 | 451 | 457 | 531 | 448 | 528 | 607 | 611 | 628 |
| Пријавени лица | 26.069 | 18.529 | 28.753 | 31.511 | 19.078 | 22.717 | 20.975 | 18.928 | 17.124 | 20.103 |
| % | 1,4 | 1,7 | 1,5 | 2,25 | 2,7 | 2 | 2,5 | 3,2 | 3,6 | 3,1 |

Извор: Извештаи за работа на Јавното обвинителство.

Во оваа декада се воочува тенденција на поширока примена на мерката притвор како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во кривичната постапка. Во анализираниот период, на годишно ниво, мерката притвор била побарана за 1,4 до 3,6 % од пријавените лица како сторители на кривични дела.

Во 2015 година, обвинителствата постапувале против 28.108 пријавени лица, мерка притвор била побарана за 1,4 % од пријавените сторители.[7]

---

[5] Чл. 171 од Законот за кривичната постапка, „Сл. весник на РСМ“ бр. 150 од 18.11.2010 година, бр. 100/12, 142/16, 193/2016, 198/2018.

[6] Чл.172 од Законот за кривичната постапка, „Сл. весник на РСМ“ бр. 150 од 18.11.2010 година, бр. 100/12, 142/16, 193/2016, 198/2018.

[7] Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2015 година, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Скопје, мај 2016 г.

Во текот на 2016 година, обвинителствата постапувале против 18.529 пријавени лица, притвор бил побаран за 1,7 % од пријавените сторители.[8]

Во 2017 година, обвинителствата постапувале против 28.753 пријавени лица, мерката притвор била побарана за 1,5 % од пријавените сторители.[9]

Во текот на 2018 година, обвинителствата постапувале против 31.511 пријавени лица, притворот бил побаран за 2,25 % од пријавените сторители.[10]

Во 2019 година, обвинителствата постапувале против 19.078 пријавени лица, притвор бил побаран за 2,7 % од пријавените сторители.[11]

Во текот на 2020 година, обвинителствата постапувале против 22.717 пријавени лица, мерката притвор била побарана за 2 % од пријавените сторители.[12]

Во 2021 година, обвинителствата постапувале против 20.975 пријавени лица, притвор бил побаран за 2,5 % од пријавените сторители.[13]

Во текот на 2022 година, обвинителствата постапувале против 18.928 пријавени лица, мерката притвор била побарана за 3,2 % од пријавените сторители.[14]

Во 2023 година, обвинителствата постапувале против 17.124 пријавени лица, притвор бил побаран за 3,6 % од пријавените сторители.[15]

Во текот на 2024 година, обвинителствата постапувале против 20.103 пријавени лица, мерка притвор била побарана за 3,1 % од пријавените сторители.[16]

## 3. Практиката на Европскиот суд за човекови права во однос на притворот во контекст на Република Северна Македонија

[8] Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2016 година, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Скопје, мај 2017 г.
[9] Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2017 година, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Скопје, мај 2018 г.
[10] Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2018 година, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Скопје, мај 2019 г.
[11] Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2019 година, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Скопје, мај 2020 г.
[12] Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2020 година, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Скопје, мај 2021 г.
[13] Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2021 година, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Скопје, мај 2022 г.
[14] Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2022 година, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Скопје, мај 2023 г.
[15] Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2023 година, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Скопје, мај 2024 г.
[16] Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2024 година, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Скопје, мај 2025 г.

Членот 5 на Европската конвенција за човекови права го уредува правото на слобода и безбедност. Според овој член:

1. Секој човек има право на слобода и безбедност. Никој не смее да биде лишен од слобода, освен врз основа на закон во долунаведените случаи:

а. ако издржува казна затвор по пресуда на надлежен суд;

б. ако бил уапсен или притворен поради противење на законскиот налог на судот или со цел да се обезбеди извршување обврска пропишана со закон;

в. ако е уапсен или притворен поради приведување пред надлежна судска власт, кога постои оправдано сомнение дека тоа лице извршило кривично дело или кога постојат оправдани причини тоа лице да се спречи да изврши кривично дело или да побегне по извршувањето на кривичното дело;

г. ако станува збор за притвор на малолетник врз основа на законска постапка поради воспитување под надзор или поради приведување пред надлежна судска власт;

д. ако станува збор за притвор на лице за да се спречи ширење некоја заразна болест, на ментално заболени лица, алкохоличари, наркомани и скитници;

ѓ. ако се апси или се притвора лице врз основа на закон со цел да се спречи илегално да влезе во земјата или лице против кое во тек е постапка за протерување или екстрадиција.

2. Секое уапсено лице веднаш се известува на јазикот што го разбира за причините за апсењето и за обвиненијата против него.

3. Секое лице уапсено или притворено според одредбите на став 1в од овој член мора веднаш да биде изведено пред судија или друго судско лице, со закон овластено да врши судска власт и да има право на судење во разумен рок или на пуштање на слобода во текот на судската постапка. Пуштањето на слобода може да се услови со давање гаранција дека тоа лице ќе се појави на судењето.

4. Секое лице лишено од слобода со апсење или притворање има право да достави жалба до судот, и судот во краток рок да ја разгледа законитоста на тоа лишување од слобода и ако тоа не било законско, да нареди негово ослободување.

5. Секое лице што било жртва на апсење или притворање спротивно на одредбите на овој член има право на обесштетување.

Членот 5, од една страна, го апострофира значењето на личната слобода и заштита на поединецот од арбитрарно лишување од слобода, а, од друга страна, содржи исклучоци кога во точно законски утврдени услови е дозволено лишување од слобода поради постигнување конкретни цели.

Во продолжение се обработени случаи на утврдена повреда на чл. 5 од ЕКЧП што се однесуваат на РСМ.

➢ **Рамковски против Македонија.**

Овој случај, кој во јавноста беше познат како „Пајажина“, произлегува од кривична постапка што започнала во декември 2010 година. Станувало збор за 19 обвинети лица што како организирана група биле обвинети дека го сториле кривичното дело даночно затајување и биле ставени во притвор. Судот ја определил мерката притвор по три основи предвидени во ЗКП (опасност од бегство, повторување на делото и влијание врз истрагата и сведоците). По поднесувањето на обвинението, судот продолжил со повторно продолжување на притворот, но сега само врз основа на опасност од бегство и посебни околности што наводно укажувале дека обвинетите би можело повторно да го сторат делото. Во текот на постапката, за пет лица притворот бил заменет со куќен притвор, а за едно лице со поблаги мерки за обезбедување присуство. Но, девет лица останале во притвор повеќе од една година.

Во овој случај, ЕСЧП констатирал повреда на чл. 5 од ЕКЧП. ЕСЧП нагласил дека националните судови не обезбедиле индивидуализирани и образложени решенија за притвор, туку користеле идентични формулации засновани исклучиво врз тежината на делото, предвидената казна и однесувањето на другите обвинети. Според ЕСЧП, ризикот од бегство и опасноста од повторување на делото не може да се утврдуваат единствено врз основа на учество во група, туку секогаш треба да се земат предвид конкретните лични околности на обвинетите лица. Продолжувањето на притворот бара дополнителни, конкретни, докажани и јасно образложени причини за секое следно продолжување. Овој случај ја потврдува потребата од индивидуализиран пристап и детално аргументирање на решенијата со кои се определува мерката притвор како предуслов за усогласеност со чл. 5 од ЕКЧП.[17]

➢ **Селами против Македонија.**

Во овој случај, едно лице било лишено од слобода од страна на МВР поради сомневање за учество во непријателски активности, без судски налог. Лицето било задржано на различни локации, вклучувајќи „подрум или гаража“, каде што било физички нападнато и повредено, а подоцна сместено во болница, додека, пак, семејството не знаело за неговата локација. Притворот бил формално определен дури по

---

[17] Пресудата е достапна на: http://biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/РАМКОВСКИ-против-РЕПУБЛИКА-МАКЕДОНИЈА-Пресуда.pdf.

пет дена, продолжуван трипати, со евидентирање на денот на сместување во болница како ден на лишување од слобода, и постапката подоцна била запрена по повлекување на обвиненијата.

ЕСЧП утврдил повреда на членот 5 од ЕКЧП. Лицето било лишено од слобода без судски налог и без можност за навремена судска контрола. Префрлањето и задржувањето во различни објекти не било одобрено од судот. Недостигот на судска интервенција го изложило лицето на ризик од повреда на живот и сериозно лошо постапување. Со оваа пресуда, ЕСЧП ја потенцира важноста на независната судска контрола како гаранција против самоволно лишување од слобода и заштита на индивидуалните права.[18]

- **Василкоски против Македонија.**

Во овој предмет, 38 лица биле лишени од слобода поради сомневање за злоупотреба на службената положба и овластување како организирана група, со присвојување на над 5.000.000 евра. Притворот им бил изречен и продолжуван врз три основи (опасност од бегство, повторување на делото и влијание врз истрагата), при што домашните судови користеле идентични, генерализирани образложенија, базирани главно врз сериозноста на делото и можната казна, без индивидуализирање на ризиците за секој обвинет. Иако делумно мерката била заменета со полесни мерки како гаранција, обврска на обвинетиот повремено да се јавува на определено службено лице или кај надлежен државен орган и куќен притвор, продолжувањето на притворот останало за некои обвинети, а судовите не обезбедиле конкретни и релевантни причини за оправданост на континуираното лишување од слобода.

ЕСЧП утврдил дека по истекот на определеното време не е доволно само постоење разумно сомневање или тежината на делото за продолжување на притворот. Континуираното лишување од слобода мора да биде засновано врз релевантни и доволни индивидуални околности, при што треба да се проценат конкретните ризици од бегство или повторување на делото. Судовите не смее да се водат од апстрактни фактори или колективни образложенија, туку секој продолжен притвор мора да биде соодветно аргументиран и поткрепен со докази за секој обвинет поединечно.[19]

- **Миладинов и др. против Македонија.**

---

[18] Пресудата е достапна на: http://biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/СЕЛАМИ-И-ДРУГИ-против-РЕПУБЛИКА-МАКЕДОНИЈА-Пресуда.pdf.

[19] Пресудата е достапна на: biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/ВАСИЛКОСКИ-И-ДР.-против-РЕПУБЛИКА-МАКЕДОНИЈА.pdf.

Во овој предмет, апликантите биле гонети пред домашните судови поради основано сомнение за учество во извршување кривични дела поврзани со стечајна постапка, како и за кривично дело перење пари. Дополнително, првиот апликант бил обвинет и за злоупотреба на службената положба, измама и фалсификување, додека, пак, третиот бил обвинет за кривичното дело измама. Судовите одлучиле да им определат мерка притвор врз основа на три законски предвидени основи: опасност од бегство, можност за повторување на делото и влијание врз текот на истрагата. Образложението што го навеле судовите се однесувало на видот и карактерот на сторените кривични дела, висината на предвидената казна и ризикот дека обвинетите може да влијаат врз сведоците, соучесниците и врз други лица вклучени во постапката. По поднесувањето жалби од страна на апликантите, само за вториот од нив мерката притвор била заменета со куќен притвор поради нарушена здравствена состојба. За останатите, мерката притвор продолжила континуирано во текот на една година, при што по фазата на поднесување на обвинението, елиминирана е основата за „влијание врз истрагата“, а останатите две основи (опасност од бегство и можност за повторување на делото) биле одржувани со идентични образложенија и реченици. Притоа, судовите не обезбедиле индивидуализирано разгледување на околностите за секој од апликантите, ниту, пак, навеле конкретни факти што би ја оправдале мерката притвор за секое лице поединечно. Апликантите останале во притвор до правосилноста на пресудата, но биле ослободени по укинувањето на пресудата од второстепениот суд.

ЕСЧП утврдил дека постоењето разумно сомневање е неопходен, но недоволен услов за определување и за продолжување на мерката притвор. Продолжувањето на притворот мора да се базира врз конкретни и аргументирани основи за секој обвинет, со разгледување на неговите лични околности, карактер и однесување. Судот, исто така, нагласува дека сериозноста на делото и можната казна не може сами по себе да го оправдаат континуираното лишување од слобода. Домашните судови не ја разгледале релевантноста на предложените алтернативни мерки на притвор, како што се гаранција, обврска на обвинетиот повремено да се јавува на определено службено лице или кај надлежен државен орган или куќен притвор и не образложиле зошто тие мерки не би биле доволни за правилен тек на постапката. Во однос на основата за можност за повторување на делото, ЕСЧП смета дека постоењето претходни осуди не може да биде единствена или доволна основа за продолжување на мерката притвор, особено ако судовите не ги разгледале суштината и видот на претходните дела. Судот, исто така, истакнува дека е неопходно да се обезбедат контрадикторност во постапката и еднаквост

на оружјата, кои во овој конкретен случај не биле целосно почитувани ниту во постапката по жалби, ниту при одлучувањето за продолжување на притворот. ЕСЧП констатирал дека домашните судови не обезбедиле доволно индивидуализирани, конкретни и аргументирани причини за определување и продолжување на мерката притвор, што го нарушило членот 5 од ЕКЧП, кој гарантира право на слобода и безбедност, како и законска контрола над легитимноста на лишувањето од слобода.[20]

- **Митрески против Македонија.**

Апликантот во овој предмет бил лишен од слобода поради основано сомневање за сторено кривично дело изнудување пари од малолетник. Нему му била определена мерка куќен притвор според три законски основи предвидени во Законот за кривичната постапка, при што му бил одземен пасошот и му била издадена наредба полицијата двапати дневно да го контролира неговото присуство во домот. По донесувањето на решението за куќен притвор, јавниот обвинител поднел жалба што не била доставена до обвинетиот. На нејавна седница, второстепениот совет одлучил да го преиначи првостепеното решение и да го замени куќниот притвор со притвор. Во образложението, второстепениот орган се повикал на опасност од тоа обвинетиот да ја попречи истрагата, особено преку вршење притисок врз сведоците што сè уште не биле сослушани, како и врз жртвата, која била малолетна и, со тоа, ранлива. Дополнително, советот ги зел предвид тежината на делото и начинот на извршување, заклучувајќи дека првично изречената мерка не била соодветна во конкретните околности. Истражниот судија ја укинал одлуката на второстепениот совет и повторно му наредил куќен притвор на апликантот со истите безбедносни мерки како и претходно, но овој пат образложувајќи дека продолжувањето на притворот во услови кога жртвата и сведоците веќе биле сослушани не е оправдано. Жалбата на јавниот обвинител била одбиена од советот, а мерката куќен притвор била продолжувана уште двапати во текот на постапката, со цел обезбедување присуство на обвинетиот во судските активности.

ЕСЧП констатирал повреда на начелото на еднаквост на оружјата, имајќи предвид дека апликантот немал пристап до постапката пред второстепениот орган. Жалбата на јавниот обвинител не му била доставена на обвинетиот. Судот оценил дека

[20] Пресудата е достапна на: http://biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/МИЛАДИНОВ-И-ДР.-против-РЕПУБЛИКА-МАКЕДОНИЈА-Пресуда.pdf.

ова процесно пропуштање значително го ограничило ефективното учество на апликантот во постапката пред советот во втор степен.[21]

➢ **Сејдиji против Македонија.**

Во овој предмет, апликантот бил лишен од слобода под основано сомневање за сторено кривично дело во рамките на злосторничко здружување и злоупотреба на службената положба и овластување. Решението за притвор било донесено врз основа на три законски основи предвидени со Законот за кривичната постапка (опасност од бегство, влијание врз истрагата и опасност од повторување на делото). По завршување на истражната постапка и поднесување обвинение од надлежен обвинител, основите за влијание врз истрагата и опасноста од повторување на делото биле исклучени. Во понатамошниот период до завршувањето на судската постапка, единствената формално утврдена основа за продолжување на притворот била опасноста од бегство. Во текот на постапката, апликантот понудил гаранција како алтернатива на притворот, која била одбиена од домашните судови. Како образложение, судовите се повикале на постоењето неправосилни постапки против него, но не дале индивидуализирана процена за оправданоста на продолжувањето на притворот.

Во конкретниот контекст, практиката на ЕСЧП се смета за релевантна, особено начелото на пресумпција на невиност, според кое постапките што се во тек не може да се третираат како доказ за склоност кон вршење кривични дела. Апликантот, врз основа на ова, тврдел дека домашните судови не обезбедиле доволно и релевантни причини што би го оправдале континуираното лишување од слобода и дека образложението за продолжување на притворот било стереотипно и формално, без конкретна индивидуализација на аргументите.

ЕСЧП констатирал дека оцената на ризикот од бегство не може да се базира исклучиво врз сериозноста на делото и предвидената казна без да се приложат конкретни докази или факти што го оправдуваат понатамошното задржување во притвор. Судот нагласил дека користењето стереотипни формулации и неиндивидуализирани процени за ризик од бегство е несоодветно, особено кога се однесува на повеќе обвинети, а одлуките се носат колективно. Во конкретниот предмет, ЕСЧП утврдил и повреда на правото на ефективна одбрана преку неземање предвид на понудената алтернатива (гаранцијата од апликантот), како и неправилна поврзаност на континуираното

---

[21] Пресудата е достапна на: http://biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/МИТРЕВСКИ-СИМЕ-против-РЕПУБЛИКА-МАКЕДОНИЈА.pdf.

продолжување на притворот со постапки што сè уште се во тек. Домашните судови ги користеле овие недовршени постапки како единствен аргумент за оцена на „криминогеноста“ на апликантот, без да обезбедат индивидуализирана и соодветно образложена процена за оправданост на мерката. ЕСЧП утврдил дека постапката на домашните судови ја прекршила конвенциската заштита од самоволно и неоправдано лишување од слобода, со што е повреден членот 5 од ЕКЧП.[22]

Случаите што претходно беа анализирани, иако се различни според фактичката позадина и според видот на кривични дела, покажуваат повторливи процесни проблеми и несоодветна примена на законските стандарди од страна на домашните судови. ЕСЧП утврдил сериозни пропусти во постапките за определување и продолжување на мерката притвор, кои се директно поврзани со членот 5 од ЕКЧП.

Во сите предмети, домашните судови прибегнувале кон стереотипни формулации за оправдување на притворот, без да ги индивидуализираат аргументите во однос на секој обвинет. Најчесто, трите основи за притвор биле: опасност од бегство, влијание врз истрагата и опасност од повторување на делото. ЕСЧП јасно нагласува дека по поднесување на обвинението и завршување на истражната постапка, основите поврзани со влијанието врз истрагата или опасноста од повторување на делото често се елиминираат, со што единствено останува оправданоста на притворот врз основа на опасност од бегство. Сепак, дури и во тој случај, продолжувањето на мерката не може да се базира само врз сериозноста на делото или врз предвидената казна, како што се практикувало од домашните судови, туку мора да се обезбедат конкретни докази и аргументи за оправданоста на продолжувањето.

Во некои предмети, апликантите понудиле алтернативи, како гаранција, куќен притвор или обврска на обвинетиот повремено да се јавува на определено службено лице или кај надлежен државен орган, кои биле одбиени без соодветна процена на нивната адекватност. ЕСЧП истакнува дека задолжително треба да се разгледаат сите релевантни алтернативни мерки пред продолжувањето на притворот, бидејќи ова е суштинска гаранција за минимизирање на ризикот од самоволно лишување од слобода.

Во повеќето случаи, домашните судови не обезбедиле конкретна индивидуализација на процената за ризик од бегство, опасност од влијание врз истрагата или повторување на делото. Колективните одлуки и употребата на стереотипни

[22] Пресудата е достапна на: http://biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/СЕЈДИЈИ-против-РЕПУБЛИКА-МАКЕДОНИЈА-Пресуда.pdf.

формулации не дозволуваат конкретна анализа на личните околности, карактерот или претходната постапка на секој од обвинетите. Во својата практика, ЕСЧП нагласува дека континуираното лишување од слобода мора да се утврдува врз база на индивидуални, релевантни и доволни причини, кои го оправдуваат притворот за конкретното лице во конкретниот момент.

Особено е значајна практиката кога се донесува една одлука што се однесува на повеќе обвинети лица. Судот укажува дека секој обвинет има право на засебно разгледување на мерката притвор и дека колективните решенија не може да го заменат индивидуалниот и конкретен судски пристап.

Во одредени предмети, второстепените одлуки за продолжување на притворот биле донесени на нејавни седници или со ограничен пристап за обвинетите, како што се случило кога жалбата на јавниот обвинител не била доставена до обвинетиот. ЕСЧП констатирал повреда на начелото на еднаквост на оружјата и на ефективното учество во постапката, бидејќи обвинетиот не можел да ги спротивстави своите аргументи со аргументите на обвинителството. Оваа практика е во спротивност со конвенциските стандарди, според кои секој обвинет има право на пристап до сите релевантни информации и можност за адекватно застапување пред судот.

Во повеќето случаи, притворот бил продолжуван со години, со минимално образложение и често по истекот на фазата на истражна постапка. ЕСЧП утврдил дека продолжувањето на мерката без релевантни и доволни основи претставува самоволно лишување од слобода. Судот посочува дека мерката притвор не смее да се користи како форма на санкција пред судењето или како превентивна мерка без конкретни докази за оправданост.

## Заклучок

Правото на слобода и безбедност е темелен столб на демократското општество и е клучно за владеење на правото. Преку ова право, ЕКЧП ја ограничува моќта на државата и бара секое лишување од слобода да биде оправдано, контролирано и ревидирано од независен суд. Оваа гаранција го заштитува поединецот не само од физичко затворање, туку и од злоупотреба на државната моќ. Притворот, како најтешка форма на ограничување на ова право, мора секогаш да биде исклучителна и последна мерка, односно неговата примена да се сведе на минимум. Спротивно на тоа, статистичките податоци во нашата држава покажуваат тенденција на почеста примена

на мерката притвор како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во кривичната постапка.

Од богатата практика на Европскиот суд за човекови права во однос на притворот и нејзиното влијание врз правниот систем на Република Северна Македонија може да се изведат неколку клучни заклучоци, и тоа:

- Основите за продолжување на притворот мора да бидат конкретни, релевантни и доволни.
- Процената за ризик од бегство или влијание врз истрагата мора да биде индивидуализирана, а не да биде базирана врз стереотипни формулации или сериозноста на делото.
- Останатите мерки за обезбедување присуство мора да се разгледуваат и мора да се аргументираат нивните недостатоци пред продолжување на притворот.
- Пресумпцијата на невиност и ефективното учество на обвинетиот се суштински за законитоста на притворот.
- Континуираното продолжување на притворот без доволна и индивидуализирана образложена основа претставува повреда на членот 5 од ЕКЧП.

Оваа анализа ја покажува повторливата практика на домашните судови, која не ги почитува конвенциските стандарди за лишување од слобода и укажува на неопходност од јасни, конкретни, индивидуализирани и соодветно образложени одлуки при изрекување и продолжување на притворот.

**Marija Grozdanovska**[23]

# THE CASE LAW OF THE EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS ON PRE-TRIAL DETENTION AND ITS IMPLICATIONS FOR THE LEGAL SYSTEM OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Abstract**

The paper aims to analyze the case law of the European Court of Human Rights concerning pre-trial detention, to identify its key standards, and to assess their impact on the legal system of the Republic of North Macedonia. Through a comparative and analytical approach, it examines the degree of alignment between domestic legislation and judicial practice with European standards, as well as the challenges that arise in the process of their effective implementation. By analyzing the legislative framework and domestic case law, the paper identifies the main challenges in applying European standards and provides recommendations for their improvement. Although the Republic of North Macedonia has formally incorporated the standards set out in Article 5 of the European Convention on Human Rights, in practice there remain significant shortcomings regarding the application of the principles of proportionality, individualized judicial decisions, and effective judicial control of pre-trial detention.

**Keywords:** *pre-trial detention, human rights, Criminal Procedure Code, European Court of Human Rights, European Convention on Human Rights*.

[23] PhD in Law (Criminal Law), Associate Professor at the Faculty of Legal Sciences, International Slavic University, Sveti Nikole, Republic of North Macedonia. E-mail: marija.grozdanovska@msu.edu.mk.